Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска
на меѓународната конференција
„Приватното обезбедување во заштита на критична инфраструктура“
во организација на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување
23.11.2022 - Скопје

Почитувана претседателке на комората за приватно обезбедување,

Заштитата на критичната инфраструктура е едно прашање кое низ годините наназад се дебатира, се анализира и несомнено она што е заедничко за сите дискусии е важноста на ова прашање. Се разбира, сосема оправдано.

Денес, светот, особено Европа се соочува со најголемиот безбедносен предизвик неоправданата и неразумната агресија на Русија врз независна Украина. И ако ги погледнете начините на војување, ќе видите дека лошите резултати и неуспесите на руската страна ги примораа би рекла очајнички да започнат прво со напад на цивилни цели, а потоа и со напад на критичната инфраструктура. Во време на сериозни безбедносни предизвици, критичната инфраструктура е суштински значајна за опстанокот на една држава но би рекла и поширокиот регион, пред се заради економската, економско политичката поврзаност на нашите земји.

Ова значи дека ефикасен и ефективен систем на заштита на критичната инфраструктура може да постигнеме само врз основа на инклузивен процес и мултисекторски пристап.

И, затоа, ќе бидам многу јасна и прецизна, отворена на ова што е денешната тема. Заштитата на критичната инфраструктура, е една од најоптималните области за воспоставување на партнерства на јавниот и приватниот сектор. Во новиот закон за критична инфраструктура, кој долго време се споменува и веќе се работи на него , ќе се најде и законска основа за понатамошен развој на оваа наша соработка. Несомнено, приватниот сектор во делот на обезбедувањето е дел од безбедносниот систем на државата и затоа во услови кога од институциите се бара рационалност и ефективност при користењето на финансиските и човечките ресурси се поставува прашањето како заедно да

изградиме систем кој пред се ќе и служи на државата, а бенефитот ќе го имаат граѓаните.

Денес се поставува легитимно прашање како да се зголеми и безбедноста без да се намали либералниот простор и слободата кои како вредност ги имаме ние.

Критичната инфраструктура ги опфаќа системите и средствата, физички или виртуелни кои се витални за значењето на една држава, при што нивното онеспособување или уништување ќе има апсолутен ефект врз националната, економската и социјалната безбедност. Затоа неопходно е да се постигне свесноста и нивото на подготвеност на заштита на критичната инфраструктура во рамките на стратешкото управување по државата и нејзините институции, вклучително и изградба на интегрирана легислативна рамка во заштита на критичната инфраструктура.

Како што и професорот Ѓуровски напомена, работниот подкомитет што е задолжен за ова прашање интензивно работи на текстот на законот и оваа денешна конференција, јас ја гледам како одлична можност за дебата, но се разбира и за предлози и коментари кои и дури да се критички, верувајте, јас сум уверена дека ќе допринесат за солидно законско решение но уште поважно за воспоставување на функционален систем за заштита на критичната инфраструктура.

Овој закон очекуваме до крајот на оваа година да го предложиме до Собранието.

Најважно во овој процес на заштита на критичната инфраструктура е да се изгради отпорност и на критичната инфраструктура и на општеството во целина. За да имаме вистински функционална држава со одржлива развојна економија и можност за планирање на иднината, неопходно е да изградиме ефикасен систем з заштита на критичната инфраструктура, процес кон кој мора да пристапиме темелно и без импровизации. Градењето на системот за заштита на критичната инфраструктура е крупен предизвик и за многу поголеми и поразвиени држави од нашата.

Но ако не го направиме тоа, цената навистина ќе биде многу голема за сите нас.

Ви благодарам